Дел. бр. 09-349/2-

26.02.2025 година

Врз основа на член 64 од Статутот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „*Св. Кирил и Методиј* " Скопје, во учебната 2024/2025 година, се склучува:

## **Д О Г О В О Р**

*за меѓусебните права и обврски на студентите на II циклус на двогодишни студии (модел 3+1+1), запишани во учебната 2024/2025 и Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје во остварувањето на наставно-образовниот процес*

Договорот се склучува помеѓу

***1.*** Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје, ул. Руѓер Бошковиќ 16 Скопје, со ЕМБС 6696287 застапуван од деканот проф. д-р Боро Јакимовски и

***2.*** Студентот________________________________________со ЕМБГ ____________________

како договорни страни.

**Член 1**

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство -Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) презема обврска студентот, давател на средствата за школарина (во понатамошниот текст: студентот) да го запише како студент на II циклус на студиите на насоката_________________________________________________________________________________под условите утврдени во глава I од Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми во учебната 2024/2025 година и овој договор. Студентот може да се запише на втор циклус на студии на Факултетот, ако ги исполни условите од конкурсот.

**Член 2**

Со запишувањето на Факултетот, студентот стекнува права и обврски утврдени со Законот за високото образование, Статутот и другите општи акти на Универзитетот Св. Кирил и Методиј и актите на Факултетот и кои се однесуваат на режимот на студии од II циклус.

**Член 3**

Висината на средствата за кофинансирање на студиите изнесува 2500 ЕВРА, пресметани во денарска противвредност. Утврдениот износ студентот го плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на плаќањето, во 4 (четири) рати, од кои првата, во висина од 625 ЕВРА при запишувањето студиите, втората, третата и четвртата секоја при запишување на вториот, третиот и четвртиот семестар, но не подоцна од 15.02.2025 за втората,
01.10.2025 за третата и 15.02.2026 за четвртата. Втората, третата и четвртата рата можат да се платат и во 2 дела секоја, и тоа прв дел при запишувањето на соодветниот семестар, а вториот на средината на соодветниот семестар, односно според следната динамика.

| Рата | Прв дел не подоцна од | Втор дел не подоцна од |
|---|---|---|
| Втора рата 625 евра | 15.02.2025 | 15.04.2025 |
| Трета рата 625 евра | 01.10.2025 | 15.11.2025 |
| Четврта рата 625 евра | 15.02.2026 | 15.04.2026 |

Доколку сте стипендист на Факултетот износот на стипендијата се намалува соодветно на стипендијата од секој дел.

**Член 4**

Ако студентот не успее во предвидените рокови да положи одредени испити утврдени со студиските и предметните програми, истите ги презапишува предметите со плаќање на соодветен надоместок согласно. Надоместокот изнесува 1/120 од школарината на студиската програма помножено со бројот на кредити на предметите кои се презапишуваат.

**Член 5**

Факултетот е должен додека трае овој Договор на студентот да му обезбеди услови за студирање заради остварување на наставно-образовниот процес во согласност со актите на Универзитетот и Правилатаза студирање на Факултетот.

**Член 6**

Студентот треба да ги заврши студиите во рок од 4 години (односно најмногу двојно од траењето на студиската програма). По истекувањето на овој рок, студентот кој ги положил сите испити е должен да пријави магистерска тема. Рокот за изработка на темата е 1 година. Студентите кои нема да пријават магистерска тема во овој рок, ќе бидат обврзани да плаќаат соодветни казни, утврдени од деканатската управа на Факултетот.

**Член 7**

Студентот давател на средствата за школарина може да го раскине овој Договор без можност за враќање на уплатените средства за студирање, со што му престанува статусот студент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Дел. бр. 09-349/2-

26.02.2025 година

**Член 8**

Во случај на спор по овој договор надлежен е судот во Скопје.

**Член 9**

Овој Договор е склучен во три еднакви примероци, од кои два за Факултетот и еден примерок за давателот на средствата за кофинансирање.

СТУДЕНТ,

Д Е К А Н,
проф. д-р Боро Јакимовски